Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел од дневни настани 13.10.2022

На 12.10.2022 во 21.50 часот на ул.„Охридска" во Скопје, полициски службеници од тим потраги при Одделението за криминалистички работи Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода С.Б.(55) од Скопје. Тој бил осуден на 13 години казна затвор за сторено кривично дело по член 123 од Кривичниот законик, а бил баран по распишана централна потерница по наредба на казнено-поправната установа Затвор Куманово за доиздржување на 30 месеци од казната. Лицето ќе биде спроведено во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 12.10.2022 околу 15.15 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, со наредба на Основното јавно обвинителство Скопје, го привеле 53-годишниот гостиварец Ш.М. за издржување мерка притвор од 30 дена, а кој се барал со централна потерница. По лишувањето, Ш.М. е спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Скопје за издржување на мерката.

На 12.10.2022 во 20.30 часот кај место викано „Чештево" во Валандово, полициски службеници од Полициската станица за гранични проверки и граничен надзор „Стар Дојран" ги лишиле од слобода С.С.(45) од Скопје и П.К.(20) од Република Србија затоа што со патнички возила превезувале лица мигранти од Сирија. Околу 14.40 часот на локалниот пат за с.Казандол, валандовско, полициски службеници забележале две патнички возила „шкода" со скопски регистарски ознаки и со српски национални ознаки натоварени со мигранти. Кога ја забележале полициската патрола, возилата застанале, по што возачите и лицата мигранти се дале во бегство. Набргу, по преземени мерки, во близина на возилата биле пронајдени 26 лица мигранти од Сирија, кои биле спроведени во прифатно-транзитен центар за понатамошна постапка. Додека, по пребарување на теренот, биле пронајдени и лишени од слобода С.С. и П.К.. Тие биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во консултација со Јавен обвинител, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава по член 418 од Кривичниот законик.

Денеска (13.10.2022) во 03.20 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.О.(19) од Скопје, затоа тоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2022 во 14.30 часот на автопатот Велес - Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода О.Н.(26) од Кавадарци, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2022 во 16.30 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.П.(22) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2022 во 18.30 часот, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш ги лишиле од слобода Д.Т.(31) од село Ораовица, радовишко и Р.А.(37) од Радовиш, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. За случајот бил известен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и по негово целосно расчистување против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (12.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 174 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 14 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се 11 мерки за користење мобилен телефон при возење, 13 санкции за нерегистрирани возила и технички неисправни возила, 10 мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 12.10.2022 во периодот од 09.00 до 14.00 часот на тетовското подрачје, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа акциска контрола колку возачите ги почитуваат нивните обврски кон пешаците. При контролата биле констатирани и санкционирани вкупно 25 прекршоци за недавање првенство на минување на пешаците. На сите возачи им биле изготвени поднесоци и тие ќе се соочат со предвидените парични глоби, кои за овој вид сообраќаен прекршок се движат од 45 до 250 евра. За оние, пак, кои не пропуштиле пешаци на обележани премини и со тоа непосредно ја довеле во прашање нивната безбедност ќе следува и мерка времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година. Во акциската контрола биле санкционирани и 23 други видови прекршоци (ТЕ-15 и ГВ-8), од кои 11 (ТЕ) се однесувале на пречекорување на дозволената брзина.

На 12.10.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 13 во населено место и 4 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 09.00 до 14.00 часот, спроведена е акциска контрола на прекршоци сторени од возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила кон пешаците. Притоа, биле изречени санкции за 7 прекршоци, од кои 4 за непропуштање пешаци на пешачки премин и 3 за преминување преку површина наменета за движење на пешаци.

На 13.10.2022 во 01.15 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар – Тетово, патничко возило „фолксваген туран", со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Е.Р.(29) од с.Врутоок, гостиварско, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општата болница „Ферид Мурад" во Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Гостивар.

На 12.10.2022 во 19.00 часот во Полициското одделение Мирковци, М.В.(37) од с.Бањани пријавила дека во с.Бањани нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 12.10.2022 во СВР Битола, С.К.(58) од с.Крклино, битолско пријавил дека во с.Крклино бил каснат од куче скитник.

Денеска (13.10.2022) во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија го лишиле од слобода Г.Ј.(37) од Скопје. При претрес во неговиот дом и други простории, извршен со судска наредба, во хаварисано возило во дворот, биле пронајдени и одземени близу еден килограм кокаин и дигитална вага со остатоци од кокаин. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК) на 13.10.2022 до Основно јавно обвинителство Струмица поднесе кривична пријава против лицето Б.Б.(39) од Струмица, за сторено кривично дело „присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости" по чл.265 од Кривичниот законик. Имено, поради сознание дека Б.Б. поседува археолошки предмети - стари монети и други добра под привремена заштита, на 01.07.2022 година, од страна на ОСОСК во координација со СВР Струмица при извршен преглед на сопрено патничко возило управувано од него, биле пронајдени и одземени вкупно 276 стари монети во различна форма и големина, 10 метални предмети во форма на прстен со различна големина, метален приврзок, четири метални предмети во различни форми и големини, по што лицето е приведено во полициска станица. При извршениот службен разговор со него, тој изјавил дека монетите и другите предмети ги нашол на локација во струмичко село пред околу една година, а потоа со метал детектор и на други разни локации наоѓал и собирал монети и други артефакти, по што тој во СВР Струмица доброволно го предал детекторот за метали и друг рачен алат. Од страна на ОСОСК до ОЈО Струмица е доставено Известување, со барање до ОЈО Струмица да издаде Наредби за вештачење на пронајдените археолошки предмети, а по издадените Наредби, одземените предмети на 12.07.2022 се предадени на НУ Археолошкиот музеј на РСМ и на вештото лице вработено во истиот. Според наодот на Комисијата за давање на стручно мислење за археолошки предмети во НУ Археолошки Музеј на РСМ, десетте метални предмети пронајдени кај Б.Б. претставуваат оригинали и спаѓаат во сферата на културното наследство, а по завршената стручна идентификација на нумизматичкиот материјал, од вкупно 276 монети, 275 претставуваат културно наследство т.е. добро под привремена заштита и како такви имаат своја историска и археолошка вредност, за што до ОЈО Струмица е доставен соодветен Извештај.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Р.Т.(48) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Пријавениот, во периодот од 2018, 2019, 2020 и 2021 година, за секоја година поединечно, реализираните приливи на парични средства не ги пријавил како личен доход и не поднел задолжителна Годишна даночна пријава до Управата за јавни приходи како даночен орган. На тој начин тој избегнал да плати данок на личен доход од 10% за реализираните приливи за 2018 година во вкупен износ од 34.470 евра, за 2019 година во вкупен износ од 68.976 евра, во 2020 година 925.850 денари и 104.100 евра и за 2021 година во износ од 71.000 евра. Со ваквото дејствие пријавениот го оштетил Буџетот на Република Северна Македонија за вкупен износ од 1.728.465 денари, а за себе во истиот износ прибавил противправна имотна корист.

На 12.10.2022 околу 11.00 часот, претставници на Дирекција за заштита и спасување Кичево од кругот на деловен објект на улица „8 Септември" во Дебар безбедно подигнале артилериска граната од Втората светска војна, која претходно била пронајдена на местото при вршење градежни работи. Увид бил извршен.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.С.(44) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, на 12.06.2022, по објавен текст на социјална мрежа Facebook, од својот профил објавил пост со недолична и заканувачка содржина, со што промовирал и поттикнувал омраза и насилство.

На 12.10.2022 околу 10.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, А.Р.(54) од Скопје пријавил дека околу 09.40 часот пред неговиот дом на ул.„Брсјачка буна", по претходно недоразбирање и расправија, бил физички нападнат со тврди предмети од Д.Г., С.Г. и С.Г.. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.10.2022 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, Н.Ј.(32) од Скопје пријавил дека околу 09.35 часот по бул.„Мајка Тереза" во Скопје тој и неговата сопруга Л.Ј.(30) биле физички нападнати од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2022 година во СВР Охрид извршен е службен разговор со Г.И.(47) од Охрид, при што е констатирано е дека тој е сторител на кривичното дело „оштетување", извршено на рекламна табла со натпис „Цар Борис III" поставена над објект од здружение, лоцирано во трговскиот центар „Амам" на булеварот „Македонски Просветители" во Охрид. Во врска со делото, предвидено во член 243 од Кривичниот законик, а во консултација со Јавен обвинител, СВР Охрид до здружението ќе испрати известување, имајќи предвид дека согласно член 243 став 3 гонењето за делото се презема по приватна тужба.

На 12.10.2022 во 12.50 часот во Полициската станица Центар, 42-годишна жена од Скопје пријавила дека во двор од куќа на подрачје на Центар била физички нападната со тврд предмет од нејзин роднина О.Л.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.10.2022 околу 13.45 во Полициската станица Центар било пријавено дека во Градската општа болница „8 Септември" со тешки телесни повреди била донесена В.Д.(56) од Скопје. Според пријавеното, околу 07.50 часот, додека управувала велосипед кон работното место, на подрачјето на Центар била нападната од куче скитник, по што паднала и се здобила со повреди. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 12.10.2022 во 21.20 часот во Полициската станица Центар, М.Е.(35) од Република Турција пријавил дека во 11.20 часот на ул.„Самоилова" во Скопје, едно лице одзело паричници со пари и други предмети од две возила на екипа која снимала на локацијата. Според пријавеното, лицето употребило и физичка сила кон лице од Република Турција кое се обидело да го спречи сторителот да избега. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против С.З.(33) од с.Муртино, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 26.11.2021 во с.Муртино, полициски службеници извршиле претрес во домот и возилото на пријавениот при што пронашле марихуана и предмет со остатоци од марихуана.

На 12.10.2022 во 16.00 часот во Полициската станица Центар, М.Ј.(33) од Скопје пријавил дека околу 09.00 часот во Комплекс клиники „Мајка Тереза", по претходна расправија, бил физички нападнат од вработен во установата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет